# Меморандум за соработка

Склучен на 14.05.2018 година во Скопје, меѓу:

**Центар за правни истражувања и анализи од Скопје, претставуван од претседателот на здружението Лидија Стојкова Зафировска**

и

**Комора на медијатори на Република Македонија, претставувана од претседателот на комората Славе Младеновски.**

*Цел на меморандумот*

**Член 1**

Целта на Меморандумот за соработка е зајакнување на досегашната соработка меѓу Центарот за правни истражувања и анализи и Комората на медијатори на Република Македонија во насока на остварување заедничките цели, заложби и дејности на здруженијата.

*Области на делување*

**Член 2**

Страните соработуваат во сферите на нивното дејствување, а особено во областите на:

- унапредување и јакнење на независноста и самостојноста на судиите и судската власт во Република Македонија;
- унапредување, промоција и јакнење на медијацијата
- јакнење на етиката во правосудните професии;
- стручно усовршување на судиите и медијаторите;
- поттикнување на развојот во судството и медијацијата со унапредување на законите следење на нивната имплементација;

- ширење на знаењето, разбирањето и свеста на граѓаните за актуелните правни реформи и правната пракса;
- промовирање на принципот за пристап до правдата за сите, независно од социјалните, етничките, религиозните, родовите и политичките разлики;
- промовирање на принципите на медијацијата со цел јавноста (граѓаните и правните субјекти) да се запознаат и да се определат при решавање на спор.
- градење капацитети на професионалните правници и медијатори со цел во својата работа да се насочат кон задоволувањето на потребите на граѓаните на начин што ќе биде транспарентен и одговорен;
- обезбедување услуги со цел информирање на граѓаните како тие би донеле одговорни одлуки и би преземале одговорни активности; и
- исполнување на стандардите на ЕУ и меѓународните стандарди во македонското општество од областа на правосудството и владеењето на правото.

*Начин на соработка*

**Член 3**

Соработката меѓу Центарот за правни истражувања и анализи и Комората на медијатори на Република Македонија се остварува врз база на координација меѓу страните потписнички на овој Меморандум.

Претставниците на страните потписнички на овој Меморандум редовно се состануваат во насока на планирања, координации, остварување на активностите и унапредување на соработката.

Страните потписнички на овој Меморандум заедно соработуваат во подготовки, учество на конкурси и имплементирање проектни активности што произлегуваат од заеднички проекти.

**Член 4**

Сите разлики што може да настанат меѓу потписниците на Меморандумот за соработка, како и од евентуални анекси од истиот се решаваат во духот на пријателски преговори меѓу страните.

КМРМ
КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

*Важност на меморандумот*

**Член 5**

Меморандумот за соработка стапува во сила со негово потпишување од страните потписнички.

Со оглед на природата на работата на страните потписнички, како и со оглед на потребата од континуирана и суштинска соработка меѓу страните потписници на меморандумот за соработка, истиот не е временски ограничен.

**Член 6**

Секоја страна потписник може со писмено известување еднострано да го раскине меморандумот за соработка.

**Член7**

Можните измени и дополнувања настанати по склучување на овој меморандум, договорните страни потписници ги дополнуваат спогодбено,со анекси кон овој Меморандум.

**Член 8**

Меморандумот за соработка е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Центар за правни истражувања и анализи**

Претседател

Лидија Стојкова Зафировска

**Комора на медијатори на Република Македонија**

Претседател

м-р Славе Младеновски